АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 18.09.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4161 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево

3. **Датум на извршување на надзорот:** 18 септември 2018 година

**Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка – опомена, упатено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево беше извршен на 23.07.2018 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да доставaт до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Поточно, радиодифузерот не ги објави податоците за местото на престојување на сопственикот, датумот на стекнување на акциите или уделот и податоците за изворите на финансирање во претходната година.

Согласно Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија“ бр.30/15), радиодифузерите се должни овие податоци вториот пат да ги објават најдоцна до 30 јуни.

4. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - опомена бр.03-403 од 30.07.2018 година, по спроведен редовен административен надзор на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево (Писмен извештај за извршен административен надзор бр.03-3439/1 од 23.07.2018 година).

5. **Констатации од надзорот:** На 17.09.2018 година Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево достави во Агенцијата снимка од објавените податоци, од која е видно дека во целост ја исполнило обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми.